Совет на Општина Делчево
Број 09-1007 /2
31.05.2019 година
Д е л ч е в о

ЗАПИСНИК
од одржаната 24.седница на Советот на
Општина Делчево

Седницата се одржа на ден 07.06.2019 година (петок), во Мултифункционалниот центар во АСНОМ, со почеток во 14:00 часот.

На почетокот на седницата присуствуваа 13 членови на Совет и тоа:

1. Драган Маневски
2. Сашко Ивановски
3. Дејан Георгиевски
4. Јулија Крстевска
5. Катица Трајкова Тасева
6. Влатко Величковски
7. Кирил Тренчевски
8. Ванчо Велиновски
9. Славица Димитрова
10. Сашко Јовановски
11. Дијана Јосифовски
12. Билјана Ѓеоргиевска
13. Кристи Стојковски, а потоа се приклучи и
14. Вице Стоиловски кој бил на венчавање.

Седницата ја отвори претседтелот на Советот на Општина Делчево, Драган Маневски кој рече дека до него како претседател на Советот по е-маил е доставено известување од страна на членот на Советот Николчо Ситновски дека не може да присуствува на денешната седница.

Согласно член 46 став 4 од Законот за локална самоуправа за оправданоста на отсуството одлучува Советот со мнозинство гласови.

Со 8 гласа „ЗА“, 4 „ПРОТИВ' и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево одлучи дека членот на Советот Николчо Ситновски е оправдано отсутен.

За збор се јави Славица Димитрова која праша дали во „Правилникот“има што е оправдано, а што неоправдано отсуство и дали е побарано автентично толкување во врска со (не) оправданоста на отсуството?

Претседателот на Советот рече дека Правилник за тоа нема, не постои, има одедби во Законот за локална самоуправа, Статутот и Деловникот, но и ти се недоречени, односно никаде не пишува што е оправдано, а што неоправдано отсуство на членовите на Советот. Јас како претседател на Совет, немам друг механизам да одлучувам дали е оправдано или не нечие отсуство од сеница на Совет и морам да постапувам онака ккао што е пропишано во Законот за локална самоуправа, Статутот и Деловникот. Што се однесува до автентичното толкување, побарано е, се уште нема одговор.

Славица Димитрова рече дека членовите на Советот мора да ги знаат причините за отсуството за да може да гласаат „ЗА“ или „ПРОТИВ“, вака гласањето нема смисла, рече таа.

Сашко Ивановски рече самото гласање „ЗА“ или „ПРОТИВ“ е замајување и потценување на интелегенцијата, подобро и да не се става на гласање тоа бидејќиу е апсурдно. Понесете ја Вие одговорноста, истакна тој.

Драган Маневски рече дека до минатата седница отсуството на Н.Ситновски и на било кој дуг член на Советот било констатирано во самиот записник од седница на Совет. Но по ваша сугестија и реакција,

како и дрискусиите во врска со отсуството на Н.Ситносвки, а пред се имајќи ги предвид одедбите во Законот за локална самоуправа, Статутот и Деловникот, решив денеска да го ставам на гласање и Советот да одлучи за отсуството дали е оправдано или не.

Дејан Георгиевски рече дека тој се согласува со сите дискусии, но на ова прашање мора да пристапиме објективно, а не субјективно и да ги почитуваме и променуваме законските одредби. Ние живееме во Делчево, се познаваме сите, што би било кога би живееле во поголем град и не би се познавале межусебно? Мора да ги применуваме и почитуваме одедбите во Законот за локална самоуправа, Статутот и Деловникот, а тоа е токму тоа што денес го направи претседателот на Советот-ние како советници со гласање одлучивме за причините за отсуството на Н.Ситновски.

Влатко Величковски рече дека досега отсуството на Н.Ситновски и било кое др.отсуство било констатирано во Записник од седница кој на наредна седница се усвојувал и тоа е сосема во ред. Не може ние да ги толкуваме причините за нечие отсуство. Како што кажа претседателот има законски одредби и треба да се почитуваат, исто така во интерес на времето треба да бидеме појасни и покоцизни во нашите дискусии бидејќи некои дискусии се повторуваат. Според мене, неблагодарно е на секоја седница на Совет да се гласа за оправданоста на нечие отсуство, рече тој.

Кристи Стојковски рече дека не треба да се прави споредба со било чие отсуство и отсуството на Н.Ситновски бидејќи не е исто еднаш или двапати да бидеш отсутен и 20 пати да бидеш отсутен од седница на Совет.

Претседателот на Советот рече дека речиси се исцрпени сите дискусии на оваа тема и ја заклучи расправата.

Тој отвори расправа по предложениот деневн ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и дневниот ред беше ставен на гласање.

Со 13 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го усвои следниот

## Дневен ред

-Усвојување на Записникот од 23.седница

1.Квартален извештај за извршувањето на буџетот на Општина Делчево за извештајниот период од 01.01.2019 до 31.03.2019 година со Заклучок за усвојување;

2.Предлог-Одлука за отварање на донаторска жиро- сметка;

**Образлагач**:По точките 1 и 2-Анка Христова-Раководител на Одделението за буџет.

3.Предлог-Одлука за давање согласност на Градоначалникот на Општина Делчево за нарачка на Елаборат за ажурирана геодетска подлога за изработка на Генерален урбанистички план (ГУП) на град Делчево.

**Образлагач:**Звонко Атанасов-Раководител на Одделение за урбанизам, заштита на ЖС, комунални дејности и сообраќај.

4.Предлог-Одлука за поддршка и ко-финасирање на проектот: "Изградба на придружни и услужни објекти на гробишта мртовечница-КАПЕЛА" со ладилник и помошни простории" во Делчево, општина Делчево во рамки на грантот од Проектот за подобрување на општинските услуги финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Компонента В: Грантови за успешност

**Образлагач**: Тони Стоименовски-Советник за Локален економски развој.

5.Предлог-Одлука за давање согласност на Статутот на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево;

**Образлагач**:Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево.

6.Предлог-Одлука за давање согласност на Статутот на ЈКП „Брегалница“-Делчево;

7.Тримесечен извештај за финансиското работење на ЈПКД „Брегалница“-Делчево за период 01.01.2019-31.03.2019 година со Заклучок за усвојување;

**Образлагач:** Стојче Стојковски-Директор на ЈКП „Брегалница“-Делчево.

8.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградeн објект надвор од плански опфат, објект викенд куќа зграда бр.2 по барање на Ванчо Ристов;

9.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградeн објект надвор од плански опфат, објект гаражазграда бр.3 по барање на Ванчо Ристов;

10.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградeн објект надвор од плански опфат, објект викенд куќа зграда бр.1 по барање на Јоцо Миленковски;

11.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградeн објект надвор од плански опфат, објект настрешница зграда бр.2 по барање на Јоцо Миленковски;

12.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградeн објект надвор од плански опфат, објект помошен објект зграда бр.3 по барање на Јоцо Миленковски;

13.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградeн објект надвор од плански опфат, објект помошен објект за одгледување свињи зграда бр.4 по барање на Јоцо Миленковски;

14.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградeн објект надвор од плански опфат, објект викенд куќа зграда бр.1 по барање на Кирчо Ситновски;

15.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградeн објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Ефрем Ристовски;

16.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградeн објект надвор од плански опфат, објект викенд куќа зграда бр.1 по барање на Ангелина Иванова;

17.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградeн објект надвор од плански опфат, објект станбеа куќа зграда бр.1 по барање на Насе Јанчев;

18.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградeн објект надвор од плански опфат, објект штала

зграда бр.1 по барање на Томе Китановски;

19.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградeн објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Иван Петровски;

20.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградeн објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на

Рамадан Сајдиски;

21.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградени објект надвор од плански опфат, објект помошен објект зграда бр.1 по барање на Најден Алексов;
22.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградени објект надвор од плански опфат, објект викенд куќа зграда бр.1 по барање на Горанчо Гоцевски;
23.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградени објект надвор од плански опфат, објект викенд куќа зграда бр.1 по барање на Цвета Атанасова;
24.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградени објект надвор од плански опфат, објект помошен објект за селско стопанство зграда бр.2 по барање на Благојчо Паунов;
25.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградени објект надвор од плански опфат, објект викенд куќа зграда бр.1 по барање на Благојчо Паунов;
26.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградени објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Лупчо Георгиев;
27.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградени објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Ивица Стоименовски и Зафир Стоименовски;
28. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградени објект надвор од плански опфат, објект со намена Б1 канцеларија зграда бр.6 по барање на АЛПИН КОМ;
29.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградени објект надвор од плански опфат, објект со намена Г2 производство на производи од дрво зграда бр.8 по барање на АЛПИН КОМ;
30.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградени објект надвор од плански опфат, објект викенд куќа зграда бр.1 по барање на Станко Пановски;
31.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградени објект надвор од плански опфат, објект викенд куќа зграда бр.1 по барање на Ванчо Миленковски;
32. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградени објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Васил Иванов;
33. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградени објект надвор од плански опфат, објект викенд куќа зграда бр.1 по барање на Јордан Стојков;
34. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградени објект надвор од плански опфат, објект казаница куќа зграда бр.2 по барање на Јордан Стојков;
35. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградени објект надвор од плански опфат, објект плевна зграда бр.3 по барање на Јордан Стојков;
36.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградени објект надвор од плански опфат, објект магацин зграда бр.4 по барање на Јордан

Стојков;
37.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, објект помошен објект зграда бр.5 по барање на Јордан Стојков;
38.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, објектвикенд куќа зграда бр.1 по барање на Валентина Крстевска;

39.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Илија Јанковски;

40.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.2 по барање на Илија Јанковски;

41.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Зоран Милковски;

42.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.2 по барање на Тоде Ристовски;

43.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, објект гаража зграда бр.3 по барање на Тоде Ристовски;

44.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, објект помошен објект зграда бр.4 по барање на Тоде Ристовски;

45.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Стево Велинов;

46.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Блажо Стојков;

47.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Благојчо Димитровски;

48.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.2 по барање на Благојчо Димитровски;
49.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.4 по барање на Мире Мицевски;

50.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, објект викенд куќа зграда бр.1 по барање на Славе Петровски;

51.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Боге Анастасовски;

52.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Никица Десподов;

53.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, објект помошен објект зграда бр.3 по барање на Никица Десподов;

54.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Живко Цонев;

55.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, објект за седлско стопанство зграда бр.3 по барање на Миле Михајловски;

56.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Симјон Јанковски;

57.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Горан Захариев;

Претседателот отвори расправа по Записникот од 23.седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а Записникот беше ставен на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од 24.седница.

**Прва точка-Квартален извештај за извршувањето на буџетот на Општина Делчево за извештајниот период од 01.01.2019 до 31.03.2019 година со Заклучок за усвојување;**

Точката ја образложи Анка Христова-Раководител на Одделението за буџет која рече дека извршувањето на буџетот на општина Делчево за првиот квартал 2019 година, изнесува 17,62% односно од вкупно планираните 279.783.412 ден.приходи за првиот квартал се реализирани 49.306.844 денари.

Од нив, во основниот буџет, од планирани 110.983.000 реализирани се 12.616.569 ден. или 11,3%.

Во буџетот на дотации од планирани 148.033.412 приходи реализирани се 33.344.300 или 22,52%, во буџетот на донации од планирани 3.400.000 денари, реализирани се 1.228.825 ден. или 36% и во буџетот на самофинансирачки активности од планирани17.367.000 реализирани се 2.117.150 денари или 12%.

При анализата на основниот буџет се гледа дека: даночните приходи се наплатени во износ од 4.287.010 ден. од вкупно планирани 31.639.000 ден. или 13,5%, наплатата од даноци на имот е во износ од 1.412.829, од даноци од специфични услуги во износ од 2.399.991 ден. (а тоа се сите видови на комунална такса: -комунална такса за истакната фирма, 289.500 ден., ком.такса за одржување на јавното осветлување во износ од 1.698.307 ден., комун.такса за користење на улици со патнички и товарни моторни возила што се плаќа при регистрација околу 211.950 денари, за надоместок за уредување на град.неизгр. земјиште во износ од 193.106 и др.помали износи на комунални такси).

Неданочните приходи се наплатени во износ од 528.200. ден., од вкупно планирани 4.204.148 ден. (12,5%)

и тоа се приходи од административни такси и надоместоци.

Капиталните приходи се наплатени во износ од 1.124.259 ден. од вкупно планирани 4.610.000 ден.или 24,4% а тоа се приходите од продажба на земјиште во износ од 273.120, надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини 92.613 ден. надомест за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект-легализација во износ од 486.502 ден.

Трансферите од други нивоа на власт се реализирани во износ од 6.677.100 ден. од вкупно планираните 70.529.000 или 9,5% и тука спаѓаат средствата добиени по основ на дотации на општината од приходи од ДДВ.

Вкупните расходи се планирани во износ од 279.783.412 ден. во ист износ како и вкупните приходи при што е запазено буџетското правило за рамнотежа. Од нив се реализирани 50.142.606 ден. или 18%.

Ако го анализираме основниот буџет ќе видиме дека од вкупно планирани 110.983.000 ден. реализирани се 13.917.630 ден.или 12,5%.

На групата 40 реализирани се 4.745.822 ден. од вкупно планирани 22.103.000 ден. во нив влегуваат платите, придонесите од плати и други надоместоци.Платите и надоместоците од плати се реализирани во износ од 3.108.133 ден. од планирани14.977.000 денари.На групата 42 реализирани се 5.181.314 ден. од вкупно планирани 25.412.000 (патни и дневни расходи,комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, горива и масла, канцелариски материјали, поправки и тековно одржување,одржување на улици и патишта, услуги за обезбедување, договорни услуги и други расходи).На група 46 планирани се 19.342.000 од кои се реализирани 173.165 ден.( до здруженија на граѓани 35.000 и до сп.клубови 15.000, разни трансфери во износ од 123.165 денари.На група 47 планирани од планирани 800.000 ден. реализирани се 119.000 ден.( новороденчиња 31.000 и 88.000 ден. еднократна парична помош).И на крајот во група 48 влегуваат капиталните расходи кои се реализирани во износ од 2.709.641 од планираните 41.251.000 и тие се распоредени на следниве сметки:

482110 - Изготвување на проекти -420.652 денари
482120- Изградба на улици и патишта – 800.000 денари (ул.во нас. Пролет)
482130 - Реконструкција на улици и патишта -209.022 денари
482120 - Одземени средства од Трезор за „Гранит“ – 2.280.966 ден.
482720 Изградба на капацитети за водоснабдување (цевки за водовод)- 274.593 ден.
485420 – надомест за одземен имот 158.670

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Ванчо Велиновски кој ја праша А.Христова дали има зголемување на данокот на имот или останува исто и ако има зголемувањ врз основа на што се должи тоа?

А.Христова рече дека во тек е разнесувањето на решенијата за данок на имот, нема покачување на данокот, во новите решенија има зголемување кое се должи на тоа што досега не било сметано неаргарното земјиште, т.е.  дворното земјиште. Решенијата се изготвени врз основа на Законот за даноците на имот.

Славица Димитрова рече дека во решенијата за данок на имот има данок есе оданочени и објекти во кои никој не живее и праша зошто?

А.Христова рече дека секој изграден објект подлежи на оданочување без разлика дали некој живее во него или не. Порано можеби не бил задолжен објектот од причини што не бил пријавен и го немало во евиденција. Законска обврска е секој граѓанин да го пријави својот имот. Потребно е да се направи нова проценка, последен пат е правена во 2007 година, реално фактичката состојба на терен е многу поинаква и треба да се изврши нов премер.

Претседателот на Советот апелираше да се дискутира во врска со точката на дневен ред.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката ставена

на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 5 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршувањето на буџетот на Општина Делчево за извештајниот период од 01.01.2019 до 31.03.2019 година.

Втора точка-Предлог-Одлука за отварање на донаторска жиро- сметка;

Образлагач и по оваа точка беше Анка Христова-Раководител на Одделениеото за буџет која рече дека со оваа одлука се утврдува активност за доизградба на соборниот храм „Свети Кирил и Методиј“ во општина Делчево за што е потребно отварање на сметка за донација на средства од правни и физички лица.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, „ПРОТИВ“ и „ВОЗДРЖАНИ“ нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за отварање на донаторска жиро- сметка;

**Трета точка-Предлог-Одлука за давање согласност на Градоначалникот на Општина Делчево за нарачка на Елаборат за ажурирана геодетска подлога за изработка на Генерален урбанистички план (ГУП) на град Делчево.**

Образлагач по оваа точка беше Звонко Атанасов-Раководител на Одделение за урбанизам, заштита на ЖС, комунални дејности и сообраќај кој што рече дека оваа одлука се однесува на согласност на Градоначалникот на Општина Делчево за нарачка на Елаборат за ажурирана геодетска подлога за изработка на Генерален урбанистички план (ГУП) на град Делчево. Во врска со одлуката сакам да ве информирам дека во изминатиов период Општина Делчево имаше неколку средни со претставници на Министерството за просторно планирање и Агенцијата за какастар на недвижности во врска со изработката на нов ГУП.Од страна на Агенцијата за планирање на просторот на Република Северна Македонија, (АПП) како изработувач на Генерален урбанистички план за град Делчево добиено е известување бр.0302-308/1 од 20.03.2019 дека Агенцијата за катастар на недвижности (АКН) како задолжена за изработка и набавка на подлоги и елаборати за изработа на планот, нема доволен капацитет за да одговори на дадените задолженија така што постапката за изработка на нов ГУП на Делчево на некој начин стои во место.Бидејќи изработката на новиот ГУП е од стратешко значење за урбанистичкиот развој на градот и општината, потребно е Советот на Општина Делчево да даде Согласност на Градоначалникот на Општина Делчево за нарачка на Елаборат за ажурирана геодетска подлога за изработка на Генерален урбанистички план на град Делчево. Одлуката на Советот е потребна од причини што за нарачка на Елаборатот се потребни средствасо кои Градоначалникот може да направи нарачка на истиот, рече З.Атанасов.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Билјана Ѓеоргиевска која праша колку средства се потребни за нарачка на Елаборатот?

З.Атанасов рече дека станува збор за средства во висина од 400.000 денари.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, „ПРОТИВ“ и „ВОЗДРЖАНИ“ нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност на Градоначалникот на Општина Делчево за нарачка на Елаборат за ажурирана геодетска подлога за изработка на Генерален урбанистички план (ГУП) на град Делчево.

**Четврта точка-Предлог-Одлука за поддршка и ко-финасирање на проектот: "Изградба на придружни и услужни објекти на гробишта мртовечница-КАПЕЛА“ со ладилник и помошни простории“ во Делчево, општина Делчево во рамки на грантот од Проектот за подобрување на општинските услуги финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Компонента В: Грантови за успешност;**

Образлагач по точката беше Тони Стоименовски-Советник за Локален економски развој кој истакна дека со оваа Одлука се дава поддршка и согласност на општина Делчево да учествува во кофинсирањето на проектот "Изградба на придружни и услужни објекти на гробишта мртовечница-КАПЕЛА“ со ладилник и помошни простории“ во Делчево, општина Делчево".Проектот "Изградба на придружни и услужни објекти на гробишта мртовечница-КАПЕЛА“ со ладилник и помошни простории“ во Делчево, општина Делчево ќе се имплементира преку Проектот за подобрување на општинските услуги финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Компонента В: Грантови за успешност во рамки на Министерството за финансии на Република Македонија, Влада на Република Македонија.Износот на Грантот за успешност е во зависност од вредноста на успешно реализираните под-заеми за имплементација на проектот -Доградба на детска градинка „Весели цветови“ во Делчево .Вкупната вредност на проектот – 7.364.136,11 МКД со вклучен ДДВ, Грант средства кои се обезбедени од Компонента В: Грантови за успешност се во висина од 1.852.635,00 МКД, средства во висина од 5.178.026.8 ќе бидат обезбедени од буџетот на општина Делчево за 2019 година.Одлуката е донесувана и лани, во 2018 година, но за оваа година е потребна нова, согласно стандардите и условите на Светска банка, рече тој.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Катица Трајкова Тасева која го праша образлагачот дали има шанси оваа година да започне со изградба овој објект?

Т.Стоименовски истакна дека целиот процес за изградба на капелата трае речиси 2 години, постапката веќе е при крај, документацијата е одобрена, сите одлуки, изјави од ЈПКД и др.пропратни документи се готови. Во тек е подготовка на техничка документација според стандардите на Светска банка. Бордот на директори на Светска банка ја очекува оваа одлука како потребен придружен документ. Потоа следува распишување на тендер за избор на најповолен изведувач за изградба на капелата со сите придружни објекти.

К.Трајкова Тасева праша дали ќе има комори/ладилници?

Драган Маневски праша каде е локацијата за изградба на капелата?

Т.Стоименовски рече дека капелата ќе има и комори/ладилници и помошни објекти, а локацијата е од десната страна на патот кон Голак, кај т.н. Средни градски гробишта.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, „ПРОТИВ“ и „ВОЗДРЖАНИ“ нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за поддршка и ко-финасирање на проектот: "Изградба на придружни и услужни објекти на гробишта мртовечница-КАПЕЛА“ со ладилник и помошни простории“ во Делчево, општина Делчево во рамки на грантот од Проектот за подобрување на општинските услуги финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Компонента В: Грантови за успешност;

**Петта точка-Предлог-Одлука за давање согласност на Статутот на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;**

Образлагач по оваа точка беше Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево која рече дека во Статутот на ОЈУДГ „Весели Цветови“ се врши промена во член 4 став 2 и член 7.

Измената се однесува на замена на зборовите „Влада на РМ“ со „Влада на Република Северна Македонија“ , како и зборовите „грбот на Република Македонија“ со „грбот на Република Северна Македонија“.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 5 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутот на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;

**Шеста точка-Предлог-Одлука за давање согласност на Статутот на ЈКП „Брегалница“-Делчево;**

Оваа точка ја образложи директорот на ЈПКД „Брегалница“-Делчево кој истакна дека оваа одлука за измени на Статутот на ЈКП „Брегалница“ Делчево се јавила како резултат на потребата на усогласување на истиот со измените на Законот за јавни претпријатија (во делот на состав и надлежност на Управниот одбор, услвите за избор на директор),м како и усогласување на истиот со Законот за вработените во јавниот сектор. Исто така и заради фактот што истиот Статут не е менет од 2005 година. На 19.04.2019 година, Управниот одбор на ЈКП „Брегалница“ ја донел Одлуката за измени на Статутот која ви е доставена со останатите материјали и предчагаме Советот акко основач на ЈКП да ни даде согласност на Статутот, рече директорот на ЈКП „Брегалница“-Делчево.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Никој не се јави за збор и истата беше затворена.

Со 12 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутот на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;

**Седма точка-Тримесечен извештај за финансиското работење на ЈПКД „Брегалница“-Делчево за период 01.01.2019-31.03.2019 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка беше Марија Сумрачка , одговорен сметководител на ЈКП „Брегалница“-Делчево која истакна дека овој извештај се однесува на првиот квартал од работењето на ентитетот и е изработен согласно Меѓународните стандарди за финансиско известување објавени во РМ односно МСФИ ЗА МСЕ. Таа истакна дека во првиот дел на Извештајот во табелата за вработени е направена техничка грешка за бројот на вработени во редовен работен однос за месеците1,2 и 3/2019 и за сите три месеци истиот треба изнесува 85. Таа рече дека во овој извештај се дадени 3 исвештаи и тоа: Извештај за остварени приходи и расходи за 1 квартал, Извештај за 5 на наплата заклучно со 12.04.2019 и Извештај за паричните текови и еквиваленти. Споредбената анализа на приходната и расходната страна во првите 3 месеци покажува позитивен финансиски резултат од 16.921 ден. Во истиот период приходите се остварени во износ од 10.052.612, а расходите од 8.908.395 денари. Има зголемување на приходите по 2 основи-од вода за пиење за 517.136 и канализација за 313.642 денари. Вкупното зголемување на приходите за истиот перид 2018 година се должи на покачувањето на цената на водата, а расходите за истиот период ланската година исто така се зголемени од кои позначително е на ставката 419 – останати услуги.Во изверштајот ви е дадена и анализа на % на наплата по месеци, за правни и физички лица, како и преглед на фактурирано/наплатено по месеци на Градски пазар. Резимето е дека заклучно со 31.03.2019 година ненеплатените побарувања од домачинста изнесуваат 2.710.002, од правни субјекти 779.617, од Градски пазар 104.689 или вкупно 3.594.308 денари. На крајот таа истакна дека за зголемување на паричните текови е битно да се зголемува % на наплата, да се исплатат сите доспеани, а ненеплатени побарувања во законскиот рок и да се забрза темпото и динамиката на инвестиционата програма за 2019 година.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Билјана Ѓеоргиевска која праша што спаѓа ккао трошок/расход на ставката 419?

М.Сумрачка рече дека на оваа ставка се книжени повеќе работи, повеќе трошоци.

Сашко Ивановски побара појаснување за зголемувањето на трошоците за репрезентација ставка 444 лани биле 7.250, а сега 69.734 денари?

На ова прашање одговори директорот а ЈПКД „Брегалница“ кој рече дека наголем дел од тие тропшоци се трошоци во врска со ручек на претставниците за пречистителната станица бидејќи има потреба постојано да доаѓаат тука, а ЈП има обврска да обезбеди ручек за нив. Има околу 15.000 трошоци за набавка на вина и др.подароци за нив купени од продавница во 2018 година, како и трошоци за новогодишниот коктел.

Славица Димитрова го праша директорот зошто не се коси тревата во Градските гробишта?

Директорот рече дека ЈКП постојано ја коси тревата на градските гробишта, има задолжено вработени исклучиво за тоа.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“, 4 „ПРОТИВ“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на  Тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈПКД „Брегалница“-Делчево за период 01.01.2019-31.03.2019 година.

Претседателот на Советот даде пауза од 15 минути.

По паузата беше договорено точките за одлуките  за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, од точка 8 па до точка 57 да не се образлагаат од страна на образлагачот туку по нив да има само расправа. Според тоа претседателот на Советот отвори расправа по

**Осма точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, објект викенд куќа зграда бр.2 по барање на Ванчо Ристов;**

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

